Дневни сценарија по музичко образование                                    Јуни

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Музички игри** (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и други популарни танци во дво- и триделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија) | Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти. | Јуни | **Воведни активности:**<br>Учениците играат музичка игра: се поставуваат столчиња за едно помалку од бројот на ученици. Се пушта музика, учениците се движат по музиката околу столчињата. Кога музиката ќе сопре сите седнуваат на столчињата. Еден ученик нема место за седнување и тој излегува од играта, а со него се трга и едно столче. Победник е оној кој ќе остане последен. Се запознаваат со целта. (7 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците учествуваат во музички игри со пеење и свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти<br>https://www.youtube.com/watch?v=N6n7EoKAwAg –Традиционални игровни песни за деца (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ликовно ја илустрираат музичката игра која им оставила најсилен впечаток, и истата ја презентираат пред соучениците. (8 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувавте? Дали активно учествувавте во музиките игри? Каде ги применуваме музичките игри? (5 мин.) | • уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна табла);<br>• столчиња<br>• хартија<br>• прибор за пишување, боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |



Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование Јуни

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| • **Музичко изразување и творење** (слободно музичко изразување, творење/создавање) | • Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветно на карактерот на музиката. | Јуни | **Воведни активности:**<br>Пред учениците се поставени серија слики од приказната „Црвенкапа“. Сликите се завртени наопаку и постепено се откриваат една по една, а учениците погодуваат за која приказна станува збор. По откривањето на приказната истата се раскажува од страна на учениците. Се запознаваат со целите. (7 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Наставникот, заедно со ученици, прави драматизации на приказни и други извори со бирање соодветна музика, движења, кореографија, визуелно оформување итн.<br>https://www.youtube.com/watch?v=w_PpfiGmU2c – Црвенкапа. (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците играат игра меморија (Црвенкапа).<br>(8 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што учевме денес? Како ги усогласивме движењата со музиката? Какви чувства буди музиката кај нас? Дали создаваме едноставни кореографии соодветни на карактерот на музиката? (5 мин.) | - Слики<br>- уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор);<br>- карти за игра меморија | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |







Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk